Република Македонија-Општина Валандово
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 07-40/19
27.05.2014 год
Валандово

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 40, член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на седницата одржана на ден 27.05.2014 година, донесе

# ОДЛУКА

## за доделување на еднократен паричен надоместок за новородено дете

Член 1

Со оваа Одлука Општина Валандово востановува доделување на еднократен паричен надоместок за новородено дете .

Член 2

Еднократниот паричен надоместок, му следува на секое новородено дете, жител на Општина Валандово, без оглед на местото на раѓање и изнесува од по 3.000,00 денари за секое новородено дете.

Член 3

Еднократниот паричен надоместок, согласно ова одлука, врз основа на приложен доказ за новородено дете, ќе се исплаќа преку трансакционна сметка.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Валандово".

Совет на Општина Валандово
Претседател
Јасминка Сечкова

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ВАЛАНДОВО ВАЛАНДОВО

Република Македонија-Општина Валандово
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 08-1124/11
27-12. 200 17 год
Валандово

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 40, член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на четвртата редовна седница, одржана на ден 27.12.2017 година, донесе

# О Д Л У К А
## за изменување и дополнување на Одлуката за доделување на еднократен паричен надоместок за новородено дете

### Член 1

Во член 2 од Одлуката за доделување на еднократен паричен надоместок за новородено дете, бр.07-40/19 од 27.05.2014 година, износот од „3.000,00“ денари, се заменува со износ од „5.000,00“ денари.

### Член 2

По член 3 се додаваат два нови члена:

член 4 кој гласи: „Постапката за пријавување на новородено дете трае 60 (шеесет) дена од денот на раѓањето на детето“ и

член 5 кој гласи: „Родителите се должни во знак на секоја своја принова да засадат по една садница, која ќе ја негуваат и ќе го симболизира раѓањето, растењето и напредувањето на нивното дете.

Садницата ќе ја обезбеди Општина Валандово, а местото на засадувањето ќе го определи Одделението за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина на Општина Валандово“.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“, а ќе се применува од 01 јануари 2018 година.

Совет на Општина Валандово
Претседател
**Владимир Марков**

Дека преписот верен на оригиналот
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ВАЛАНДОВО ВАЛАНДОВО
Овластен службеник